Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15,209/18 и 244/19),член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Северна Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( "Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15,154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник бр 239 од 19.11.2019 година ) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/2005), Советот на Општината Битола на 73-та седницата одржана на ден 26.04.2021 година, донесе

# **О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2021 година**

Член 1

Во членот 7 став 2 се врши измена така што после зборовите "одобрени средства за плати и надоместоци" зборовите "на ниво на ставка" се бришат.

Член 2

Во членот 13 став 2 алинеа 1 се врши измена така што за останатите вработени во Општинската администрација кои немаат статус на државни службеници коефициентот кај вработените кои земаат плата под минималната плата од 3,81 се менува на 3,88. (Закон за минимална плата на РСМ член 4 став 2 “ Службен весник број 124/19 и 239/19)

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-40/5<br>26.04.2021 год<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Совет на Општина Битола<br>Валентин Груевски